**МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД, СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи на 31 декември 2005 и Извештај на независните ревизори**

**СОДРЖИНА**


| | Страница |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 |
| Биланс на состојба | 2 |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за промените на акционерската главнина | 4 |
| Извештај за паричните текови | 5 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 6 – 17 |

Deloitte.

Mit. Teodosij Gologanov 28 II/19
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 23 11 13 00
Fax: +389 23 11 95 44
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloittece.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

## ДО ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ И АКЦИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД, СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на билансот на состојба на Македонска берза на хартии од вредност АД, Скопје, (во понатамошниот текст "Друштвото") на 31 декември 2005 година, како и на билансот на успех, извештајот за промените на акционерската главнина и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува. Овие финансиски извештаи се одговорност на раководството на Друштвото. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека во финансиските извештаи нема погрешни прикажувања кои би можеле да имаат значајно влијание. Ревизијата вклучува испитување докази, преку тестирање на изворната документација врз основа на која се евидентирани износите во финансиските извештаи. Ревизијата исто така вклучува оценка на применетите сметководствени принципи и значајни проценки направени од страна на раководството, како и проценка на севкупната презентација на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизијата што ја извршивме ни обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи во сите материјални погледи ја претставуваат реално финаниската состојба на Друштвото на 31 декември 2005 година и резултатите од работењето, промените во акционерската главнина и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Дилоит ДООЕЛ
Скопје
27 февруари 2006

Лидија Нануш
Директор

Алексеј Перчинковски
Овластен ревизор

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД, СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2005**
**(во илјади денари)**

| | Белешка | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | | |
| Опрема | 3.3, 4 | 2,991 | 2,153 |
| Нематеријални средства | 3.3, 4 | 423 | 1,194 |
| | | 3,414 | 3,347 |
| **Тековни средства** | | | |
| Пласмани во банки | 5 | 42,401 | 6,201 |
| Вложувања во хартии од вредност со рок на доспевање | 3.5, 6 | 17,702 | 22,595 |
| Побарувања од купувачи | 7 | 9,842 | 11,040 |
| Други побарувања | 8 | 619 | 882 |
| Пари и парични еквиваленти | 3.7, 9 | 4,013 | 8,605 |
| | | 74,577 | 49,323 |
| **Вкупно средства** | | 77,991 | 52,670 |
| **Акционерска главнина** | 10 | | |
| Уплатен капитал | 10 а | 38,240 | 38,240 |
| Задолжителни резерви | 10 б | 8,642 | 7,889 |
| Акумулирана добивка | | 22,157 | 5,200 |
| **Вкупно акционерска главнина** | | 69,039 | 51,329 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 11 | 2,215 | 1,101 |
| Останати тековни обврски | 12 | 6,737 | 240 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 8,952 | 1,341 |
| **Вкупно акционерска главнина и обврски** | | 77,991 | 52,670 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од Одборот на директори на Друштвото на 27 февруари 2006 година.

Одобрено од,

Иван Штериев
Главен извршен директор

Македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ

Елена Јакимовска Петровска
Извршен директор

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**Година што завршува на 31 декември 2005**
**(во илјади денари)**

| | Белешка | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| Приходи | 3.1, 13 | 70,498 | 41,118 |
| Трошоци од деловното работење | 3.1 | | |
| Трошоци за надоместоци и провизии | 14 | (13,220) | (6,294) |
| Трошоци за плати | 15 | (19,024) | (14,648) |
| Закупнина | | (2,240) | (2,241) |
| Трошоци за маркетинг | | (1,851) | (3,290) |
| Трошоци за амортизација | | (2,404) | (2,633) |
| Трошоци за сомнителни и спорни побарувања | 7а | (2,245) | (305) |
| Други трошоци | 16 | (6,797) | (6,966) |
| **Добивка од оперативно работење** | | 22,717 | 4,741 |
| Нето финансиски приходи | 17 | 4,166 | 2,337 |
| **Добивка пред оданочување** | | 26,883 | 7,078 |
| Данок на добивка | 18 | (4,749) | (1,331) |
| **Нето добивка** | | 22,134 | 5,747 |
| **Заработувачка по акција (во денари)** | | 15,855 | 4,117 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО АКЦИОНЕРСКАТА ГЛАВНИНА**
**Година што завршува на 31 декември 2005**
**(во илјади денари)**

| | **Уплатен капитал** | **Задолжител. резерви** | **Акумул. добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари 2004 | 38,240 | 6,893 | 6,774 | 51,907 |
| Добивка од тековната годината | - | - | 5,747 | 5,747 |
| Распределба на добивката | - | 996 | (996) | - |
| Дивиденди | - | - | (5,026) | (5,026) |
| Награди на вработени и членови на Одборот на директори | - | - | (1,299) | (1,299) |
| Состојба на 31 декември 2004 | 38,240 | 7,889 | 5,200 | 51,329 |
| Добивка од тековната година | - | - | 22,134 | 22,134 |
| Распределба на добивката | - | 753 | (753) | - |
| Дивиденди (белешка 10) | - | - | (3,909) | (3,909) |
| Награди на вработени и членови на Одборот на директори | - | - | (515) | (515) |
| Состојба на 31 декември 2005 | 38,240 | 8,642 | 22,157 | 69,039 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**Година што завршува на 31 декември 2005**
**(во илјади денари)**

| | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Добивка пред оданочување | 26,883 | 7,078 |
| *Усогласувања за:* | | |
| Амортизација | 2,404 | 2,633 |
| Одложени приходи | - | (670) |
| Трошоци за сомнителни и спорни побарувања | 2,245 | 305 |
| Приходи по основ на камати | (4,167) | (2,346) |
| Однапред пресметани обврски | 3,108 | - |
| Одложени даноци | - | 100 |
| | 30,473 | 7,100 |
| Намалување/(Зголемување) на побарувања од купувачи и други побарувања | (415) | (1,154) |
| Зголемување/(Намалување) на обврски кон добавувачи и други обврски | 361 | (1,002) |
| Платен данок на добивка | (607) | - |
| *Нето пари обезбедени од оперативни активности* | 29,812 | 4,944 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| (Зголемување)/Намалување на депозити кај банки | (36,200) | 13,044 |
| Намалување/(Зголемување) на вложувања во хартии од вредност со рок на доспевање | 4,893 | (22,595) |
| Наплатени камати | 3,798 | 2,407 |
| Набавка на опрема | (2,471) | (335) |
| *Нето пари (користени за)/обезбедени од инвестициони активности* | (29,980) | (7,479) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Платени дивиденди | (3,909) | (5,026) |
| Исплатени награди на вработени и членови на Одборот на директори | (515) | (1,299) |
| *Нето пари користени за финаниски активности* | (4,424) | (6,325) |
| **Нето намалување на пари и парични еквиваленти** | (4,592) | (8,860) |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на годината | 8,605 | 17,465 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | 4,013 | 8,605 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2005**

## 1. ОСНОВАЊЕ И АКТИВНОСТИ

Македонска берза на хартии од вредност АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") е регистрирана во Македонија во 1995 година како акционерско друштво. Друштвото ги извршува своите активности во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва, со дозвола бр. 00-49/1 од 25 август 1995 година издадена од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија како берза на хартии од вредност.

Основните активности на Друштвотот се следните:

- организирање и тргување со хартии од вредност;
- организирање и одржување на информационите системи на тргување со хартии од вредност на берза;
- котирање на хартиите од вредност со кои се тргува на Берзата;
- овозможување, утврдување и порамнување на реализирани трансакции со хартии од вредност;
- објавување информации за работењето на Берзата.

Овластени учесници на Берзата кои може да тргуваат со хартии од вредност се брокерските куќи и банки. Секоја членка мора да има лиценца за тргување со хартии од вредност издадена од Комисијата за хартии од вредност и мора да биде во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност. На 31 декември 2005 година вкупниот број на овластени членки на Друштвото кои тргуваат изнесува 15, од кои 9 се брокерски куќи и 6 банки.

Комисијата за хартии од вредност врши надзор и контрола на работата на Друштвото и неговите членови вклучени во дејности поврзани со хартии од вредност.

Започнувајќи од 15 ноември 2005 година, во согласност со новиот Законот за хартии од вредност (Службен Весник на Република Македонија бр. 95/2005), акционери на Друштвото може да бидат сите домашни и странски правни и физички лица. Учеството на секој акционер во акционерскиот капитал на Друштвото не треба да надминува 10% од вкупниот број акции. Минималниот потребен капитал изнесува 500.000 евра. Друштвото е во согласност со Законот за хартии од вредност во врска со барањата за акционерскиот капитал.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И КОМПАРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

### 2. 1 Основи за презентирање на финансиските извештаи

Овие финансиски извешати се подготвени во согласност со стандардите и толкувањата одобрени од страна на Комитетот на меѓународни сметководствени стандарди, кои што се сега усвоени како Меѓународни стандарди за финансико известување (МСФИ). Овие стандарди и толкувања беа претходно познати како Меѓународни сметководствени стандарди (МСС).

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од раководството да направи најдобри проценки и разумни претпоставки во врска со презентираните износи на средствата и обврските, да презентира обелоденувања за одложените средства и обврски на датумот на финансиските извештаи како и да ги презентира износите на приходите и трошоците што настанале во текот на пресметковниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на расположливите информации на датумот на финансиските извештаи, како и на идните фактички резултати кои би се разликувале од овие проценки.

Тековните и компаративните податоци се изразени во илјади денари.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3. 1 Признавање на приходи и трошоци

Приходите и трошоците, како и другите оперативни приходи и расходи се признаваат на пресметковна основа. Приходите од надоместоци и провизии, главно се состојат од приходи од тргување, членарини, такса за комуникација и такса за користење на БЕСТ системот и надоместокот за Берза-Нет, а се признаваат кога се заработени.

Износите на членарините и надоместоците за учество во електронскиот систем на тргување се регулирани со Тарифникот за висината на надоместите на Македонска Берза, кој е одобрен од Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на донесените одлуки сите членови се ослободени од плаќање на таксата за комуникација од страна на Одборот на директори на Друштвото.

Македонска Берза АД Скопје е обврзана да и исплати на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија 20% од приходите, што ги остварува Македонска Берза по основ на трансакциона провизија.

### 3. 2 Менување на странски валути

Трансакциите извршени во странски валути се преведуваат во денари по курсот на Народна Банка на Република Македонија на датумот на извршување на трансакцијата.

Средствата и обврските искажани во странска валута се преведуваат во денари на датумот на билансот на состојба со употреба на официјалниот курс на Народна банка на Република Македонија на тој датум.

Позитивните и негативните курсни разлики што произлегуваат од трансакциите во странски валути се вклучуваат во извештајот за работењето во периодот во кој настануваат.

### 3. 3 Опрема и нематеријални средства

Опремата и нематеријалните средства се евидентираат по набавната вредност намалена за акумулираната амортизација, како и акумулираната загуба поради оштетување, доколку постои. Почетното признавање на опремата и нематеријалните средства ги вклучува фактурната вредност, увозните царински трошоци, други давачки при набавката кои се без право на враќање и сите други трошоци кои се прават со цел основното средство да се стави во работна состојба.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3. 3 Опрема и нематеријални средства (продолжение)

Амортизацијата се базира на набавната вредност од крајот на минатата година и набавната вредност на новонабавените средства во текот на годината, и се пресметува според пропорционалниот метод користејќи ги пропишаните годишни минимални стапки, со цел да се алоцира трошокот на основното средство во текот на проценетиот век на употреба како што следи:

| | |
|---|---|
| Компјутери | 25% |
| Опрема | 20% |
| Нематеријални средства | 20% - 25% |

Горе-наведените стапки не се во согласност со МСС 16: “Недвижности, постројки и опрема”. Раководството на Друштвото не врши систематска алокација на амортизирачката вредност на средствата во текот на проценетиот век на употреба, бидејќи се смета дека таквата алокација нема значајно влијание врз финансиските извештаи земени во целина и нето сегашната вредност на основните средства на 31 декември 2005 и 2004, и не ја надминува надоместувачката вредност.

Кога амортизираните средства се ставаат вон употреба, или на било кој начин се оттуѓуваат, соодветната ревалоризирана набавна вредност и исправката на вредноста се елиминираат од соодветните сметки. Капиталните добивки или загуби реализирани со оттуѓувањата се признаваат како оперативни приходи односно оперативни трошоци

### 3. 4 Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања

Соодветна исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања се прави како што е предвидено со Сметководствените политики на Друштвото, усвоени на седницата на Одборот на директори одржана на 26 декември 2005, за да го одрази намалувањето на вредноста на побарувањата поради објективни докази дека финансиските средства можеби се со намалена вредност.

### 3. 5 Вложувања во хартии од вредност со рок на доспевање

Хартии од вредност со рок на доспевање се финансиски средства кои носат фиксен приход и за кои Друштвото има намера и способност да ги чува до доспевање. Портфолиото на овие вложувања се состои од државни краткорочни записи издадени од страна на Владата на Република Македонија. Вредноста на овие записи се мери според амортизираната набавна вредност со употреба на методот на договорена каматна стапка.

### 3. 6 Оданочување

Данокот на добивка се пресметува во согласност со законските одредби во Република Македонија, базирајќи се на добивката или загубата искажана во билансот на успех изготвен според домашната сметководствена регулатива. Обврската за данок на добивка во текот на годината се плаќа во вид на месечни аконтации. Конечниот данок на добивка од 15% се плаќа на остварената добивка од тековната година. Аконтацијата за данокот се враќа доколку Друштвото оствари загуба во фискалната година.

Според промените во македонската даночна регулатива од 2001 година, даночната загуба почнувајќи од 31 декември 2001 година може да се користи за намалување или елиминирање на даночната обврска во идниот период, но не подолго од 3 години.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3. 6 Оданочување (продолжение)

Друштвото ги пресметува даночните ефекти од трансакциите и другите настани на ист начни како што ги пресметува самите трансакции и други настани.

Одложени даноци се признаваат според методот на биланс на состојба, за времените разлики кои произлегуваат меѓу даночната основица на средствата и обврските и сметководствената вредност на средствата и обврските за цели на финансиско известување. Применетата даночна стапка е со цел утврдување на одложениот данок. Одложена даночна обврска се признава за сите времени разлики освен ако не произлегува од почетно признавање на средството или обврската а кои во времето на настанување на трансакцијата не влијаат ниту на добивката за цели на финансиско известување ниту на оданочивата добивка (загуба). Одложени даночни средства се признаваат за сите одбитни времени разлики до износ до кој е веројатно дека оданочивата добивка ќе биде употребена освен доколу одложеното даночно средство или обврска од почетното признавање не влијаат ниту на добивката за цели на финансиско известување ниту на оданочивата добивка (загуба).

### 3. 7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти за потребите на подготовка на Извештајот за парични текови, вклучува пари на жиро сметка, други пари и благајнички записи со доспеаност до еден месец.

### 3. 8 Објективна вредност

МСС 32: "Финансиски инструменти: Обелоденување и презентирање", бараат прикажување на објективна вредност на финансиските средства и обврски и обелоденување во белешките кон финансиските извештаи. Објективната вредност за оваа цел се дефинира како износ за кој едно средство може да се размени, или обврска да се надомести меѓу познати заинтересирани страни во трансакцијата. Политика на Друштвото е да ја објави информацијата за објективната вредност на средствата и обврските за кои постои информација на пазарот и кај кој објективната вредност значајно се разликува од сметководствената. Објективната вредност на парите и паричните еквиваленти, пласманите, другите побарувања и останатите тековни обврски се приближно еднакви на сметководствената вредност. Според мислењето на раководството, презентираната сметководствена вредност е најсоодветна во такви услови.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2005**

## 4. ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Компјутери | Опрема | Вкупно | Нематеријал. средства |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2005 | 8,991 | 3,322 | 12,313 | 6,299 |
| Набавки | 1,321 | 1,150 | 2,471 | - |
| Отпис | (382) | (962) | (1,344) | (61) |
| Состојба на 31 декември 2005 | 9,930 | 3,510 | 13,440 | 6,238 |
| **Акумулирана амортизација** | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2005 | 7,250 | 2,910 | 10,160 | 5,105 |
| Амортизација | 1,382 | 251 | 1,633 | 771 |
| Отпис | (382) | (962) | (1,344) | (61) |
| Состојба на 31 декември 2005 | 8,250 | 2,199 | 10,449 | 5,815 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 декември 2005** | 1,680 | 1,311 | 2,991 | 423 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 декември 2004** | 1,741 | 412 | 2,153 | 1,194 |

Правото за употреба на лиценцата за софтвер за цели на тргување на Берзата добиена како грант од Република Словенија, истекува на 31 декември 2004 година. Истата е продолжена за дополнителен период од 2 години до 31 декември 2006 година. После истекот на горе-споменатиот период, Друштвото може да достави барање за продолжување на лиценцата или да добие право за трајно користење на лиценцата.

На 31 декември 2005 година Друштвото има целосно амортизирана опрема и нематеријални средства во износ од 10,610 илјади денари од кои акумулираната амортизација од 5,390 илјади денари се однесува на компјутери, 1,737 илјади денари се однесува на останата опрема и 3,483 илјади денари се однесува на нематеријални средства.

## 5. ПЛАСМАНИ КАЈ БАНКИ

Пласманите кај банки на 31 декември 2005 година во износ од 42,401 илјади денари (2004 - 6,201 илјади денари) претставуваат депозити кои се чуваат кај домашни банки со доспевање помеѓу 1 и 3 месеци и каматна стапка од 7 до 9.25 проценти годишно.

## 6. ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ СО РОК НА ДОСПЕВАЊЕ

На 31 декември 2005 година, хартиите од вредност кои се чуваат до доспевање изнесуваат 17,702 илјади денари (2004: 22,595 илјади денари) се состојат од државни записи емитирани од страна на Владата на Република Македонија, купени преку локални банки во текот на декември 2005 година. Горенаведените хартии од вредност се со рок на доспевање – март 2005 година и каматна стапка од 7.98 проценти годишно.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2005**

## 7. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Во илјади денари 31 декември 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 12,987 | 11,940 |
| Намалено за исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (3,145) | (900) |
| | 9,842 | 11,040 |

### а. Резервирање за сомнителни и спорни побарувања

Движењето на исправката на вредноста за сомнителни и спорни побарувања од купувачи е прикажано подолу:

| | Во илјади денари 31 декември 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари | 900 | 595 |
| Трошок за годината | 2,245 | 305 |
| Состојба за годината што завршува на 31 декември | 3,145 | 900 |

Исправката на вредноста за сомнителни и спорни побарувања од купувачи за 2005 година во износ од 2,245 илјади денари (2004: 305 илјади денари), се состои од побарувања постари од една година во износ од 1,845 илјади денари, како ште е како што е предвидено со Сметководствените политики на Друштвото, усвоени на седница на Одборот на директори одржана на 26 декември 2005, и побарувања од 2005 година во износ од 400 илјади денари, за кои Одборот на директори оцени дека се ненаплативи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2005**

## 8. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади деанри 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Претплати за данок на добивка | - | 582 |
| Пресметани трошоци | 250 | 222 |
| Побарувања по камати | 369 | 78 |
| | 619 | 882 |

## 9. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во илјади денари 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Пари во банки во денари | 1,973 | 2,579 |
| Краткорочни депозити кај банки | 2,000 | 6,000 |
| Пари во банки – странска валута | 34 | 10 |
| Пари во благајна во денари | 6 | 16 |
| | 4,013 | 8,605 |

## 10. АКЦИОНЕРСКА ГЛАВНИНА

### а) Уплатен капитал

На 31 декември 2005 година уплатениот капитал на Друштвото се состои од 38,240 илјади денари (628,200 евра) поделени на 1,396 обични акции (2004: 1,396), со номинална ведност од 450 евра поединечно по акција во денарска противвредност, по курс одреден од Народна банка на Република Мекедонија на денот на трансакцијата.

На 31 декември 2005 година, акционери на Друштвото се 7 банки, 10 брокерски куќи, една осигурителна компанија и две физички лица. Учеството на секој акционер во акционерскиот капитал се движи во рамки од 0.21 до 9.96 проценти, како што е прикажано во табелата подолу:

| **Акционер** | **% сопственост 2005** |
|---|---|
| Фершпед брокер АД, Скопје | 9.96% |
| Тетекс – кредитна банка АД, Скопје | 9.96% |
| Тутунскаброкер АД, Скопје | 6.09% |
| Комерцијална банка АД, Скопје | 6.09% |
| Бро – дил АД, Скопје | 6.02% |
| Брокер – СБ АД, Скопје во стечај | 6.02% |
| Инвестброкер АД, Скопје | 6.02% |
| Постел – брокер АД, Скопје | 6.02% |
| Силекс банка АД, Скопје | 5.30% |
| Радобанк АД, Скопје во стечај | 5.30% |
| Мак брокер АД, Скопје | 5.30% |
| Инвестбанка АД, Скопје | 5.30% |
| Охридска банка АД, Охрид | 5.30% |
| Табак осигурување АД, Скопје | 5.30% |
| Унибанка АД, Скопје | 5.30% |
| Еуроброкер АД, Скопје | 2.15% |
| Илирика инвестментс АД, Скопје | 2.15% |
| Ѓорѓи Јованов, Скопје | 1.22% |
| Битола брокер АД, Битола | 1.00% |
| Тихомир Мукаетов, Скопје | 0.21% |
| Вкупно | 100% |

Во текот на 2005 година врз основа на одлука донесена од Собранието на акционери, Друштвото распредели дивиденда во вкупнен износ од 3,909 илјади денари.

### б) Задолжителни резерви

Задолжителните резерви се формираат по пат на зафаќање од добивката и може да се употребат за покривање на загубите. Во согласност со одредбите на член 485 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр. 28/2004) друштвата се обврзани да издвојуваат задолжителни резерви од остварената нето добивка како процент кој не може да биде помал од 15% од нето добивката се додека резервите на друштвото не достигнат или надминат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина на Друштвото.

## 11. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

На 31 декември 2005 година најголем дел од обврските кон добавувачи во вкупен износ од 2,215 илјади денари (2004: 1,101 илјади денари) се однесуваат на обврски спрема Комисијата за хартии од вредност во износ од 1,698 илјади денари (2004: 790 илјади денари).

## 12. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во илјади денари 31 декември 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Данок на додадена вредност | 51 | 240 |
| Обврски по основ на данок на добивка | 3,558 | - |
| Обврски кон Одборот на директори | 2,230 | - |
| Персонален данок | 655 | - |
| Обврски спрема донатори на Студентска берза | 86 | - |
| Други обврски | 157 | - |
| | 6,737 | 240 |

## 13. ПРИХОДИ

| | Во илјади денари Години што завршуваат на 31 декември 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Провизија и надоместоци | 70,087 | 39,650 |
| Други приходи | 411 | 1,468 |
| | 70,498 | 41,118 |

Приходите од надоместоци и провизии во износ од 70,087 илјади денари (2004: 39,650 илјади денари) главно се состојат од приходи од трансакции во износ од 63,659 илјади денари (2004: 30,498 илјади денари), приходи од членарини и надомести за пристап во електронскиот систем за тргување на Друштвото.

Надоместоците и провизиите се пресметани по стандардни стапки применети на вредноста на секоја трансакција, во зависност од обемот и видот на трансакцијата.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2005**

## 14. ТРОШОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ

| | Во илјади денари Години што завршуваат на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Провизија на Комисијата за хартии од вредност | 13,040 | 6,100 |
| Други надоместоци | 180 | 194 |
| | 13,220 | 6,294 |

Друштвото е законски обврзано да и префрли на Комисијата за хартии од вредност 20% од приходите по основ на провизија заработени од секоја трансакција ("Службен весник" на Република Македонија бр. 23/2001).

## 15. ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ

| | Во илјади денари Години што завршуваат на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Бруто плати | 11,092 | 11,027 |
| Други трошоци за вработените | 3,787 | 1,256 |
| Трошоци на Одборот на директори | 3,467 | 1,525 |
| Трошоци за службени патувања | 678 | 840 |
| | 19,024 | 14,648 |

## 16. ДРУГИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади денари Години што завршуваат на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Материјали | 1,358 | 1,360 |
| Трошоци за телефон и пошта | 2,142 | 2,260 |
| Трошоци за одржување и други услуги | 1,831 | 2,051 |
| Интелектуални услуги | 607 | 599 |
| Премии за осигурување | 112 | 107 |
| Надомести за авторизација и други надоместоци | 173 | 100 |
| Членарини | 170 | 165 |
| Судски такси | 52 | 126 |
| Останато | 352 | 198 |
| | 6,797 | 6,966 |

## 17. НЕТО ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

| | Во илјади денари<br>Години што завршуваат на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Приходи по основ на камати | 4,167 | 2,346 |
| Позитивни курсни разлики | 1 | 2 |
| Негативни курсни разлики | (2) | (10) |
| Трошоци по основ на камати | - | (1) |
| | 4,166 | 2,337 |

## 18. ДАНОК НА ДОБИВКА

Даноците од добивка се состојат од следново:

| | Во илјади денари<br>Години што завршуваат на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | **2005** | **2004** |
| Тековни даноци | 4,749 | 1,231 |
| Одложени даноци | - | 100 |
| | 4,749 | 1,331 |

Данокот на добивка се пресметува според македонскиот закон со примена на 15% даночна стапка на оданочивата добивка.

Ефективната даночна стапка на Друштвото во 2004 година се разликува од законската даночна стапка поради разлики помеѓу нето добивката пред оданочување прикажана во овие финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и даночната основа пресметана според македонската даночна регулатива. Овие разлики се првенствено од времена природа и се однесуваат на одложените даночни приходи евидентирани според МСФИ. Во 2005 година нема разлики помеѓу нето добивката прикажана според МСФИ и даночната основа пресметана според македонската даночна регулатива

## 18. ДАНОК НА ДОБИВКА (продолжение)

Данокот за годината може да се усогласи со добивката според билансот на успех како што следи:

| | Во илјади денари<br>Години што завршуваат на<br>31 декември<br>2005 | <br><br><br>2004 |
|---|---|---|
| Добивка/Загуба пред оданочување | 26,883 | 7,078 |
| Тековен даночен трошок според законска стапка за данок на добивка од 15% | 4,032 | 1,062 |
| Даночен ефект на добивката и трошоците кои се неодбитни во одредувањето на даночната добивка | 717 | 269 |
| Данок на добивка за годината | 4,749 | 1,331 |

Употребата на одложениот данок пресметан на основа на времени разлики во претходните години е презентирано како што седува:

| | Во илјади денари<br>31 декември<br>2005 | <br>31 декември<br>2004 |
|---|---|---|
| Одложени даночни обврски | - | (100) |
| Одложени даночни средства | - | 100 |
| Нето состојба | - | - |

## 19. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви за значајните валути користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута се следните:

| | Во денари<br>31 декември<br>2005 | <br>31 декември<br>2004 |
|---|---|---|
| УСД | 51.8589 | 45.0676 |
| ЕУР | 61.1779 | 61.3100 |

## 20. НАСТАНИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ПО БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

Во јануари 2006 година уште една брокерска куќа почна со тргување како овластен член на Друштвото, и како резултат на тоа вкупниот број на овластени членови на Друштвото кои тргуваат изнесува 16 од кои 10 брокерски куќи и 6 банки.